UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
47

2018

vol. 47
Issue 2

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 2, pag. 1-385, PRILEP, 2018

УШТЕ ЕДНАШ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ФАЗИ НА ФОРТИФИКАЦИЈАТА МАРКОВИ КУЛИ, ВАРОШ-ПРИЛЕП

Бранислав АТАНАСОСКИ
ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп
branislav.atanasoski@isk.edu.mk

изворен научен труд
прифатен: 26.05.2019
УДК 904:335.5449497.775)"63/653"
904:623.1(497.775)"63/653"

Апстракт: *Главната задача и цел на овој труд е да на некој начин ги заокружиме и прошириме сознанијата за локалитетот Маркови Кули, односно да ја надополниме сликата и содржината на богатата и сложена културна стратиграфија и градежните фази регистрирани на одранбените ѕидови што во најголем дел беа презентирани и обработени во магистерската работа од авторот на овој труд со наслов „Средновековната тврдина Маркови Кули – културна стратиграфија и градежни фази на одбранбените ѕидови“, а како што може да се види и од самиот наслов темата е тесно поврзана со периодот на средновековието. Во оваа прилика се потрудивме да презентираме и одредени сознанија што се однесуваат и на останатите постари периоди што локалитетот ги има како содржина во културната стратиграфија на овој локалитет.*

Клучни зборови: *предисториска, протоисториска фортификација, раноантичка фортификација, фортификација од римски период, доцноантичка фортификација, средновековна фортификација, Маркови Кули, Прилеп, Варош*

Ако го игнорираме историјатот на постарите истражувања коишто, главно, се базираат на различен вид на историографски, етнографски и етнокултурни белешки, проспекции, рекогносцирања, архитектонски анализи на ѕидните остатоци од утврдениоит град итн., локалитетот Маркови Кули, конкретно просторот што го зафаќа фортификацискиот објект, е предмет на систематски археолошки истражувања уште од далечната 1972/73 год[1]. Првите археолошки ископувања се направени од страна на Народниот музеј од Прилеп во соработка со Институтот за материјална култура при ПАН (Полска Академија на Науки) од Варшава[2]. Од 1977 год. работите ги преземаат Полските конзерваторски заводи (ПКЗ) од Варшава, повторно во соработка со Народниот музеј од Прилеп, а од 1981 год. во содејство со Институтот за истражување на старословенската култура од Прилеп, и тоа во рамките на „Полско-југословенската археолошко-конзерваторска мисија“, со главни истражувачи, од полска страна д-р инг.

1 За тоа види: Б. Атанасоски, „Средновековната тврдина Маркови Кули – културна стратиграфија и градежни фази на фортификацијата“, *Balcanoslavica* 30 (2002): 228-232 со цит. лит., тука би го издвоил трудот на А. Дероко, „Маркови Кули – град Прилеп“, *Старинар* н.с. V-VI (1956): 83-103 со цит.лит.

2 Извештајни резултати од овие ископувања се дадени од: B. Babić and R. Kozlowska, Informator Archeologiczny, Badania 1974, Warszawa, 1975, str. 308-309; Ibid, Informator Archeologiczny, Badania 1975, Warszawa, 1976, str. 321; Ibid, Informator Archeologiczny, Badania 1976, Warszawa, 1977, str. 341.

арх. Т. Полак, а од југословенска (македонска) страна д-р Б. Бабиќ. Дејноста на Мисијата беше насочена, пред сè, на архитектонските истражувања и конзерваторско-градежните работи, фотограметриските снимања, заштитата, но, секако, и на археолошките ископувања и истражувања. Како резултат од работата на Мисијата произлегоа двете публикации со наслов „Тврдината Маркови Кули – извештаи од работата на Мисијата“ за периодите 1977-1983 и 1984-1988 год.[3]. Како посебен финален производ од дејноста на оваа Мисија, на ова место би ја споменале докторската дисертација на Т. Полак посветена, главно, на архитектонските проучувања, градежништвото и конзерваторските работи[4]. Како што погоре споменавме, во 1981 год., беше формиран Институтот за истражување на старословенската култура во Прилеп. Во текот на наредните години, паралелно со работата на Мисијата се одвиваше и научноистражувачкиот проект со наслов „Средновековен Прилеп (Раносредновековни населби, настанување и развој на градската населба и тврдината Маркови Кули)“, главен истражувач д-р Б. Бабиќ. Во рамките на тој проект во периодот 1987 - 1990 год., зедов активно учество како во теренските така и во кабинетските истражувања. Како резултат од тие истражувања произлезе магистерскиот труд со наслов „Средновековната тврдина Маркови Кули - културна стратиграфија и градежни фази на одбранбените ѕидови“[5]. Тука, врз основа на конкретни аргументи се дадени и конкретни одговори на одредени прашања. Детално е разработена целокупната средновековна културна стратиграфија. Културните слоеви се прецизно детерминирани и датирани. Движниот археолошки материјал е комплетно обработен, систематизиран, класифициран и датиран, поткрепен со бројни аналогни примери. Покрај тоа, на основа добиените резултати од археолошките ископувања е направен обид да се датираат и веќе утврдените средновековни градежни фази на одбранбените ѕидови. Дефиниран е просторниот развој на фортификацијата итн. [6]. Покрај наведените трудови, тука би ги споменал и трудовите на д-р Б. Бабиќ коишто, на еден или друг начин, се поврзани со оваа проблематика, како и монографските трудови на проф. д-р Е. Манева и проф. д-р И. Микулчиќ од областа на средновековната археологија[7]. Од поново време би ги споменал и неколкуте трудови на д-р Б. Ристески коишто се произлезени како резултат на неговите истражувања на археолошкиот локалитет Маркови Кули[8].

3 Оригиналниот наслов на изданијата гласи, *Warownia Markovi Kuli – sprawozdanie z prace Misji 1977-1983*, Warszawa, 1985 и *Warownia Markovi Kuli – sprawozdanie z prace Misiji 1984-1988*, Warszawa, 1990, изработени од повеќе автори.

4 T. Polak, *Sredniowiescne techniki budowlane w Macedonii w swetle badan warowni Markovi Kuli w Prilepie*, (Warszawa: PKZ, 1987).

5 Магистерскиот труд е одбранет во 1999 год., на Катедрата за историја на уметност со археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Ментори проф. д-р Микулчиќ И. и проф. д-р Манева Е., а објавен во институтското списание, во скратена верзија: Б. Атанасоски, „Средновековната тврдина Маркови Кули – културна стратиграфија и градежни фази на одбранбените ѕидови“, *Balcanoslavica* 30 (2002): стр. 227-309.

6 Целта на овој труд е уште еднаш да се навратиме на најважните моменти од оваа проблематика со намера да ги допрецизираме и дообјасниме средновековните градежни фази, но во исто време да ја информираме поширокатa стручна и научна јавност со одредени нови детали околу проблематиката поврзана со постарите фортификациски остатоци од предисторискиот, односно протоисторискиот и античкиот период, а се регистрирани како во културната стратиграфија така и на одбранбените ѕидови.

7 Б. Бабиќ Б. *Материјалната култура на Македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп* (Прилеп: Институт за старословенска култура - Прилеп, 1986), особено стр. 185-189 и 223-225.; Истиот (коавтор), *Археолошка карта на СР Македонија*, Т.2, кат.ед. Варош – Маркови Кули, Скопје, 1986, стр. 283-286.; Е. Манева, *Средновековен накит од Македонија* (Скопје: РЗЗСК, 1992), 186-195.; И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини од Македонија* (Скопје: Македонска Цивилизација, 1996), 39-44 и 55-62.

8 Б. Ристески, „Маркови Кули – Варош, Прилеп, Сектор Сред Кули и Рамниште“, *Македонски археолошки преглед* 1 (2008): 259-261.; Истиот, „Развиток на фортификацијата на локалитетот Маркови Кули, Варош – Прилеп“, *Македонско*

Во 1980 год., на просторот од највисокиот врв Чардак, во непосредна близина на Дворот „B“, надвор од фортифицираниот дел, западно од одбранбениот ѕид, било откриено предисториско карпесто живеалиште, пл.1. Според анализата на керамички материјал овој предисториски објект е датиран во периодот од доцниот неолит, па преку енеолитскиот период сè до раното бронзено време[9]. Културни слоеви од овој период се регистрирани и при археолошките ископувања во 1990 год., во Дворот „C“, Ископ 4/90, поставен во с/и дел од Дворот на просторот од т.н. кула - порта бр.12, пл.1[10]. Тоа беше керамички материјал идентичен со оној пронајден на просторот од предисториското живеалиште, пред сè, фрагменти од керамички садови украсени со боцкана орнаментика, карактеристична за енеолотскиот период[11]. Истата година во с/з дел од Дворот, под една голема карпа којашто беше искршена на поситни парчиња за потребите на конзерваторските работи, беа регистрирани два културни слоја со керамички материјал од енеолитскиот и преодниот, односно раниот железнодопски период[12]. Енеолитскиот слој беше презентиран со фрагменти од големи садови, според Е. Цнотливи, тип IV, а додека преодниот, односно раниот железнодопски период беше презентиран со карактеристични фрагменти од керамички садови со вовлечени рабови украсени со коси канелури, познати во литературата како Turban Dish, чие извориште претставува лужичката култура[13]. Понатаму во Ископот 1/90, поставен покрај с/з одбранбен ѕид во близина на кула - порта бр.12, под културните слоеви од средновековниот период, во слој со мешовит керамички материјал, формиран поради ровот кој бил прокопан некаде во втората половина од XII век, кога одбранбениот ѕид на тоа место од темел бил обновен заедно со кула-порта бр.12 и с/и ѕид, регистрираме препознатливи керамички фрагменти од железното време, односно неколку фрагменти од мат боената керамика, пл.1 и црт. 1[14]. Во овој момент тешко е тој хронолошки

наследство бр. 40-41 (2013): 57-82.; Истиот, *Маркови Кули, Варош – Прилеп* (Скопје : Управа за заштита на културното наследство, 2017).

9 Е. Цнотливи, „Праисториско карпесто живеалиште на падините од Марковите Кули“, во *Маркови Кули извештаи од работите на Мисијата 1984 – 1988* (Варшава: ПКЗ, 1990), 62-69.


10 Главен изведувач и супервизор на археолошките ископувања во 1990 год. беше авторот на овој текст. Резултатите од овие ископувања, главно, ќе ги користам од прелиминарниот Годишен извештај за извршените теренски работи и одредена илустративна документација од истите ископувања.

11 Цнотлив, „Паисториско...“, 63-68, Ил. 41/1-5 и Ил. 44/1,2 и 7. Во поново време се откриени повеќе локалитети со идентичен енеолотски материјал од Прилепскиот Регион. За тоа види: Д. Темелкоски и А. Миткоски, Енеолитски локалитет Големи Камен кај село Лопатица, *Maced. acta Archaeol.* бр.18 (2008): 125-126, Т.3/16, Т.6/10, 11.; А. Миткоски, „Локалитетот Трештена Стена кај селото Манастир“, *Maced. acta archeol.* бр.20 (2011): 139, Т.I.4,6 и 13, Т.II.23 и 24, Т.III.5 и 16, Т.IV.15, Т.V.9 и 22, Т.XXI.1, 3-5, 7 итн. и таму цит. лит; Енеолитскиот материјал од локалитетот Градиште кај селото Дебреште, обработен во докторската дисертација од авторот на овој текст, под наслов „Доцноантичкиот кастел кај с.Дебреште“, во припрема за печат.

12 Карпата беше искршена по сугестија на раководителот на Проектот.


13 За енеолитскиот материјал повторно види: Цнотливи Е., „Праисториско....“, 64, ил.40/IV и ил.42/1. Садови со исти или слични особености од Пелагонискиот Регион види: Д. Симоска, Б. Китаноски и Ј. Тодоровиќ, „Населбата Црнобуки и проблемот на истоимената култура во светлината на новите археолошки истражувања“, *Maced. acta Archaeol.* 2 (1976): 51, сл. 4, тип Vd и стр.56, сл.6, тип Vd и XIVc.; Темелкоски, и Миткоски, „Енеолитски локалитет“, 120, Т.4/5 и 6.; А. Миткоски, „Локалитетот Трештена Стена“, 133, тип IX, и таму цит.лит. За проблематиката од преодниот и раниот железнодопски период види: Д. Митревски, „Праисториската некропола ‘Кључка-Хиподром’ кај Скопје“, *Зборник*, н.с., бр. 1, *Археологија*, (1995): 77-84, Т. IV.; Истиот, *Протоисториски заедници во Македонија* (Скопје: РЗЗСК, 1997), 51-53, Сл. 13/1,2, со цит. литература.

14 За стратиграфскиот контекст види: Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 248 и 286, С IV, културен слој XII.; За мат боената керамика види: I. Mikulčić, *Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta*, Dissertationes, Tom III, Skopje : Arheološki muzej ; Beograd : Arheološko društvo Jugoslavije, 1966), 28-30, T. VII/a-f.; M. Garašanin, „Razvijeno bronzano doba i prelazni period (gvozdeno doba I) Makedonije“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Bronzano doba* T.IV (Sarajevo: Svjetlost : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine 1983), 793-796.; E.



План 1. фортификацијата Маркови Кули.
Plan 1. the fortification of Markovi Kuli.

да се прецизира поради неговата измешаност, но и поради малиот број на фрагменти од овој вид на керамички садови[15]. Овдека за првпат би се запрашале дали оваа железнодопска населба, која како што претходно видовме влечи корени уште од подлабоката предисторија, претставувала населба од отворен тип или била утврдена населба од т.н. градински тип[16]. На ова место би сподели-



Цртеж 1. Двор С, Ископ 1/90, западен профил.
Drawing 1. Yard C, Excavation 1/90, west profile.

ле едно логично размислување. Ако веќе на овој стрмен дел од Чардакот покрај самиот одбранбен ѕид се формирале културни слоеви со мноштво археолошки материјал, најверојатно тој бил фортифициран, во спротивност тие културни слоеви одамна би се одлеале по стрмното карпесто тло. Но, како што ќе видиме подолу во текстот, од ред причини најстарата фортификација во својот долг еволутивен развој често пати била рушена и обновувана, напуштана и повторно населувана, модернизрана и надградувана. За тоа очигледно

Петрова, „Пајонските племиња и пајонското кралство“, *Maced. acta archaeol.* 12 (1991): 31-32.; Истата, *Бриѓите на централниот Балкан во I-II милениум пред н.е.* (Скопје : Музеј на Македонија, 1996), 76-77 и понатаму.; Митревски, „Протоисториски заедници“, 110-113 и 123-124, сл. 29 и кат. ед. 29 и 70.; Истиот, „Праисторија на Република Македонија“, во *Македонија - миленијумски културно-историски факти* Т.1, редактори Паско Кузман, Елизабета Димитрова и Јован Донев (Скопје: Медиа Принт Македонија : Универзитет Евро-Балкан, 2013), 225, сл.78.

15 За попрецизно да се дефинира овој керамички материјал, културната стратиграфија и целокупната ситуација, секако, потребни се подетални анализи на целокупната археолошка документација и движен археолошки материјали, како и додатни археолошки ископувања. Поради недостаток на време (крај на ноември, почеток на декември) античките и предисториските културни слоеви беа копани по методот на механички откопни слоеви од 10.0-20.0 см.

16 За поимот, типологијата и класификацијата на овој тип на утврдени населби види: M. Suić, *Antički grad na Istočnom Jadranu* (Zagreb : Liber, 1976), 63-81.; Висинските утврдени населби на пошироките балкански простори се јавуваат уште од времето на енеолитскиот период. Нивната појава најверојатно била условена од различни причини, како на пр.: геоморфолошкиот фактор, социо-економскиот фактор, културолошкиот фактор итн. ., но, таа најмногу се поврзува со „големите индоевропски миграции“ што траеле еден подолг временски период во текот на целиот енеолитски период и раното бронзено време. За тоа види: B. Jovanović, „Indoevropljani i eneolotski period Jugoslavije“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Eneolit* T.III, (Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1979), 397-416.; B. Čović, „Zaključna razmatranja“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Bronzano doba* T.IV (Sarajevo: Svjetlost : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine 1983), 813-818.; Е. Петрова, „Палеобалкански популации во II-I милениум пред н.е. на просторот на Македонија и нивните меѓусебни релации“, во *Цивилизации на почвата на Македонија* кн.2, (Скопје: МАНУ, 1995), 47 и понатаму.; Д. Митревски, „Првите етнички заедници во Македонија според начинот на погребување и погребните обичаи“, во *Цивилизации на почвата на Македонија* кн.2 (Скопје, МАНУ, 1995), 57 и понатаму.; Истиот, „Праисторија“, 131-149.; С. Зоговиќ, *Етничките заедници во Македонија до крајот на раниот среден век* (Прилеп: Институт за старословенска култура - Прилеп, 2001), 86-102. Во наредниот железнодопски период на западните балкански простори овој тип на населби е доста помногуброен и пораспространет. За тоа види: S. Gabrovac i B. Čović, „Zaključna razmatranja“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Željezno doba* T.V (Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine 1987), 911-921.; Појавата кај нас на овие висински утврдени населби во преодниот и раниот железнодопски период најверојатно би трбало да се поврзи, сега со т.н. „големи егејски преселби“ коишто, исто така траеле еден подолг временски период, надоаѓајќи во неколку бранови. За тоа види: Mikulčić, „Pelagonija“, 6-12.; Петрова, „Палеобалкански популации“, op.cit.; Митревски, „Првите етнички заедници“, op.cit.; Истиот, „Праисторија“, 191-194 и 214-217.; Зоговиќ, „Етничките заедници“, 103-121.

говори споменатиот пример од Ископот 1/90. Во Пелагонискиот Регион од железнодопскиот период се регистрирани бројни населби од овој тип. Тие, главно, се лоцирани и егзистираат на повисоките планински и ридести места со надморска височина од сса 1.000 м.[17]. Но, не можеме во потполност да се сложиме со констатацијата на проф. И. Микулчиќ дека овие населби при крајот на железното време во потполност замираат, а во наредниот архајски период егзистирале само новите населби лоцирани на пониските места во подножјата на планините и ниските ридести предели по периферијата од плодната рамница[18]. Овдека на Марковите Кули гледаме еден континуитет и во наредниот период[19]. Следат неколку метални наоди од Ископот 3/90, поставен во непосредна близина на Ископ 1/90, коишто слободно може да ги датираме некаде во крајот на железното време, односно архајскиот период. Тоа е еден фрагмент од лентовидна бронзена белезица украсена со надолжни ребра или канелури, чии директни аналогии ги наоѓаме на локалитетите Сарај – с. Брод, Градешница и Требениште, датирани во периодот на VII-VI век п.н.е.[20]. Потоа следи еден дел од рачка, аплика од бронзен сад што ја спојува рачката со телото на садот, T.I.1. Апликата има форма на палмета, најверојатно од т.н. змиски стил, а датира некаде од периодот на VI век п.н.е. Како многу блиска аналогија би ја споменале апликата од рачката на бронзената амфора од локалитетот Петилеп кај с. Беранци[21]. Од периодот што следи, V-IV век п.н.е., би ги споменале неколкуте фрагменти од многу квалитетно изработен црно фирнисан киликс со висок сјај, најверојатно директен импорт од некоја хеленска работилница од грчкиот југ[22]. Тука е пронајден и еден добро сочуван крив железен нож, долг 20.5 см. со широчина на сечилото од 3.0 см. Рачката е јазичеста и прави една целина со сечилото. Најверојатно била обложена со дрвени или коскени облоги заковани со две нитни коишто се распаднале или биле откршени (сл. 1). Овој тип на ножеви широко се распространети на западните балкански простори уште од доцното бронзено време и низ целиот железнодопски период кај повеќе предисториски етнички заедници и културни групи[23]. Различни варијанти на криви ножеви

17 За тоа види: I. Mikulčić, „Pelagonija“, 23-24. Од истиот период постојат утврдени повеќеслојни населби и на пониските ридести предели, особено во Повардарието, види: Митревски, „Праисторија“, 217-218.

18 Mikulčić, „Pelagonija“, 35.

19 Истото го потврдува и Митревски Д., Праисторија... стр. 217-218.


20 Mikulčić, „Pelagonija“, 33, T.IX. sl.18i. Според М. Гарашанин белезиците од Сарај – Брод се датирани некаде во субмикенскиот период, види: Garašanin, „Razvijeno bronzeno doba“, 792, T.CIX.9 i 10.

Аналогија за овој тип белезици наоѓаме и на албанска територија. За тоа види: S. Aliu, „Aspekte te kultures Ilires ne krahinen e kolonjes ne Shek, VII-V p.e.sone“, *Iliria* Nr.2 (1985): 75, T.II.24, датирана во VI век п.н.е. Прототиповите на овие бронзени белезици можат да се следат уште од средното и доцното бронзено време на западните балкански простори во босанската, либурнска и далматинската културна група. За тоа види: B. Čović, „Regionalne grupe ranog bronzanog doba“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Bronzano doba* T.IV (Sarajevo: Svjetlost : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine 1983), 262-263, T.XXXIX/3.; Š. Batović, „Kasno bronzano doba na istočnom jadranskom primorju“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Bronzano doba* T.IV (Sarajevo: Svjetlost : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine 1983), 311, sl.20/16 i T.XLIV/13-15 i str.339, sl.21/11 i T.XLVIII/17 i 18.

21 Mikulčić, „Pelagonija“, 37 i 41, T. XI. sl.20b.; За истото види: R. Vasić, „Pelagonija“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Željezno doba* T.V (Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine), 715-716. Од поновата литература би го споменал: П. Кузман, „Архајски период во Македонија“, во *Македонија – милениумски културно-историски факти* T.2, редактори Паско Кузман, Елизабета Димитрова и Јован Донев (Скопје: Медиа Принт Македонија : Универзитет Евро-Балкан, 2013), 467-468, сл. 67.

22 С. Блажевска, Раната антика и хеленистичкиот период во Македонија, во *Македонија – милениумски културно-историски факти*, T.2, редактори Паско Кузман, Елизабета Димитрова и Јован Донев (Скопје: Медиа Принт Македонија : Универзитет Евро-Балкан, 2013), 680-686, сл.26/1 и 2.

23 Најстарите прототипови од овие ножеви, како и широките лентовидни белезици ги следиме уште од доцното бронзено време кај т.н. либурнска и јаподска културна група, но, исто така и во Панонско-подунавскиот Регион каде била распространета т.н. култура со урни. За тоа види: Grupa avtori, *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Bronzano doba*, T.IV,



Табла I. Двор С, Ископ 3/90, посебни наоди.
Table I. Yard C, Excavation 3/90, special findings.



2.

Сл. 1. Двор С, Ископ 3/90, Крив железен нож.
Сл. 2. Двор С, Ископ 3/90, Керамички сад, олпе.

Fig .1. Yard C, Excavation 3/90, curved iron knife.
Fig. 2. Yard C, Excavation 3/90, Ceramic vessel, olpe.

каде наместо јазичеста рачка со нитни имаат рачки со трн на кој се набивала дрвена или коскена рачка на нашиве простори ги наоѓаме до крајот на раната антика. Такви се примерите од локалитетите Калдрма – Заград, лоциран во непосредна близина на Марковите Кули, ножето од локалитетот Три Чељусти кај с. Горенци - Охридско, ножот од Исар – Марвинци итн. [24]. Во истиот културен слој беше пронајдено и едно целосно сочувано керамичко сатче, односно чаша или бокалче од типот олпе, (Т.I.3 и сл. 2.) Сатчето е изработено од пречистена глина, на грнчарско коло, сиво печено со сребренкаст сјај. Димензии: висина 13.0 см., пречник на ободот 6.5 см., пречник на телото 10.5 см., пречник на газерот 5.0 см. Отворот од сатчето има косо извлечен раб, долг конусен врат и лентовидна рачка што ја надвишува висината од сатчето, мевот топчест и нагласен со едно прекршување, а во долниот дел телото е конусовидно и завршува со прстенеста нога. На прв поглед сатчето, би се рекло, дека ги носи сите карактеристики на раноантичката сиво печена керамика работена на грнчарско коло[25]. Исто така, може слободно да се каже и тоа дека сатчето директно може да се надоврзе на рачно работените кера-

(Sarajevo: Svjetlost : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine 1983), 314, sl.20/4 i T.XLVI/6-8, str.383-384, T.LIII/9 i str.595-596, sl.36/9. Во железнодопскиот период овој тип на ножеви го наоѓаме и на Гласинац, како и во келтската култура. За тоа: Grupa avtori, *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Željezno doba*, T.V, (Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1987), 591, sl.34/9 i str.835, sl.40/15, 41/20, 42/15; Овој тип на ножеви од преодниот период го има и на македонските простори, види: Митревски, „Праисторија“, 186, 66.

24 Б. Китаноски, „Некрополата Калдрма кај Прилеп“, *Maced. acta archaeol*. 1, (1975), 124, T.III.377 и T.VII.345; В. Маленко, „Нови сондажни и систематски археолошки ископувања на локалитетите Сува Чешма, Три Чељусти и Вртулька во подножјето на село Горенци“, *Maced. acta Archaeol*. 1, (1975): 142, сл. 17.; А. Јакимовски, „Новооткриена гробница издлабена во карпа од Исар, Марвинци“, *Македонско Наследство* бр. 14 (2000): 79-80.

25 За појавата на првите импорти од црно лакирани садови и сиво печена керамика работена на коло од грчкиот југ и Мала Азија на нашиве македонски простори, види. Mikulčić, „Pelagonija“, 29-30.; Во тој контекст и Петрова, „Пајонските племиња“, 34-35.; В. Соколовска, „Раноантичка сива керамика во Македонија“, *Maced. acta archaeol*. 13 (1993): 142.; Митревски, *Протоисториски заедници*, 124, 135-138 и 143-144; Истиот, „Праисторија“, 233. За сиво печената керамика во хеленистичкиот период: В. Битракова Грозданова, *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија* (Скопје : Филозофски факултет, 1987), 56-57.

мички садови од железнодопскиот период[26]. Но, најдиректни аналогии наоѓаме во керамичкиот материјал од раниот римски период во Панонија, во групата т.н. латеноидни форми на садови датирани во I-II век н.е.[27]. Уште еден многу близок пример би споменал од јужните панонски региони во келтските наоѓалишта, датиран некаде на почетокот на латенот, според хронологијата на М. Гуштин, Lt B2, прва половина на IV век п.н.е.[28]. Според тоа, како едно од можните решенија за наодот од Маркови Кули, би било него да го поврземе со келтските продори во Македонија од 279 год. п.н.е.[29]. Секако, не би требало да ги исклучиме и другите две опции, односно тој можеби и припаѓа на културниот слој со постар раноантички материјал или, пак, истиот можеби упаднал по некоја случајност кога на тоа место се градел некој објект од раноримскиот период[30]. Над овој културен слој следеа некакви фрагментарни остатоци од објект со изобилни остатоци од пепел и гар, можеби некаква печка! Следи културен



Сл.3. Двор D, бронзена монета, Касандер (316-297).
Fig. 3. Yard D, bronze coin, Cassander (316-297).

слој со препознатливи керамички фрагменти од обичната кујнска, трпезна и складишна керамика од хеленистичкиот период[31]. Од другите наоди би го издвоиле и бронзениот врв од стрела, типично македонско раноантичко оружје, T.I.2[32]. Од овој период, од Дворот „D“ потекнува и бронзената монета кована од македонскиот крал Касандар (316 – 297) (сл.3). Раноантичкиот период би го завршиле со трите некрополи, како и поголемиот број на поединечни гробови и помали групни формации расфрлани по падините од Марковите Кули, вдлабени во камената плазика и гранитните карпи, датирани во периодот на III-I век п.н.е., (сл. 4)[33].

26 За тоа види: Митревски, „Праисторија“, 224-227, сл. 83/2-4 и 7, но и сл. 77 и 78 каде може да се виде духот и манирот од железнодопските форми на керамичките садови. На ова место ќе го споменам и керамичкото сатче од локалитетот Барата кај с. Чаниште коешто може слободно да се каже дека претставува прототип на сатчето од Марковите Кули, за тоа види: А. Миткоски, „Железното време во Мариово – Тумул I од ‘Барата’ кај с. Чаниште“, *Македонско Наследство* бр. 9 (1999): 42, T.III.2. Прототипови од овие садови на пошироките балкански простори можат да се следат уште од енеолитот и раното бронзено време.

27 O. Brukner, *Rimska keramika u jugoslovenskom delu provincije Donje Panonije* (Beograd : Pokrajinski zavod za zaštitu spomenika kulture SAP Vojvodine : Savez arheoloških društava Jugoslavije, 1981), 44, 118-119, T.147 i 149.

28 D. Božić, „Zapadna grupa – izvori za istoriju Tauriska“, u *Praistorija jugoslovenskih zemalja, Željezno doba* T.V, (Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1987), 869, T.LXXXV.6.

29 F. Papazoglu, *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba* (Sarajevo : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1969), 211-212.

30 Постарите културни слоеви коишто следеа по средновековните, беа ископувани по методот на механички откопни слоеви и на еден многу мал простор, па и затоа се немаше детален увид на дадената ситуација.

31 За проблемот околу поимот „хеленизам“ и „хеленистички период“ како и за керамичкиот материјал од тоа време види: Блажеска, „Раната антика“, 640-641 и 688-695. Од постарата литература види: Mikulčić, „Pelagonija“, 75-77; Битракова Грозданова, *Споменици*, 49-57.

32 В. Лилчиќ, „Три тврдини на македонските кралеви кај Демир Капија“, *Македонско Наследство* бр.33 (2008): 16, сл. 9 и 10.

33 Во овие поединечни и групни гробни јами, регистрирани по површината од падините на Марковите Кули, како и во трите некрополи не е пронајден археолошки материјал од раноантичкиот, односно доцнохеленистичкиот и преодниот хеленистичко-римски период. За овој тип на гробови види: Mikulčić, „Pelagonija“, 80. На ова место би сакал да се извинам, пред сè, на стручната и научна јавност поради брзоплетоста на донесениот заклучок во однос на хронологијата на трите некрополи, односно гробните форми коишто според гробните наоди погрешно ги датирав во доцноантичкиот, односно рановизантискиот период, крај на V – VI век н.е. За тоа види: Б. Атанасоски, „Три некрополи од рановизантиско



Сл. 4. Југозападни падини, гробови вдлабени во карпа, III-I век с.е.
Fig.4. Southwestern slopes, tombs dug into the rock, III-I century AD.

Како што погоре напомнавме, на просторот што го зафаќа Дворот „С“ како и на целиот простор од највисокиот врв Чардак, остатоци од најстарата предисториска фортификација не се регистрирани или можеби таа и воопшто не постоела. За неа можеме само да предпоставуваме[34]. Не се регистрирани остатоци ни од раноантичкиот период. Остатоците на коишто посочуваат постарите истражувачи не би можеле да ги прифатиме од неколку причини[35]. Тоа се, сепак, прелиминарни извештајни резултати коишто бараат додатни анализи. Како прво, објектот бр. 17, како што е наведено, граден со обли рекарски камења собирани од суводолиците и потоците се поврзувани со варов малтер[36]. Објектот можеби

време“, *Balcanoslavica* 13-15 (1996): 71-82. Сепак, најверојатно се работи за гробни јами што биле секундарно користени за погребување на умрените, некаде при крајот на антиката. Се надевам дека во блиска иднина ќе ја поправам оваа грешка со еден поопширен труд посветен на оваа проблематика.

34 За тоа ќе зборуваме нешто подолу во текстот.

35 Б. Бабиќ и Е. Цнотливи, *Извештај за археолошките истражувања во годините 1977 – 1983, Тврдината Маркови Кули – извештаи од работите на Мисијата 1977-1983* (Варшава, ПКЗ, 1985), 29-30.; и Е. Цнотливи , Истражувачки работи на тврдината Маркови Кули, Тврдината Маркови Кули – извештаи од работата на Мисијата 1984-1988, Варшава, 1990, стр.49-50; Бабиќ Б., (коавтор), „Варош – Маркови Кули“, 286. Овие заклучоци покасно безрезервно ги прифаќа и Ристески, „Развиток на фортификацијата“, 60.; Истиот, „Маркови Кули“, 11-12.

36 Камењата можеби се собирани и од постари разурнати објекти, но скоро и да нема фортификација од овој период



Сл. 5. Двор С, с-з одбранбен ѕид, снимен од надвор.

Fig.5. Yard C, s-z defensive wall, photographed from the outside.

и потекнува од раноантичкиот период, односно од III-II век п.н.е., но тој се наоѓа во внарешноста од фортификацијата, прилепен на преградниот ѕид којшто ги дели двата Дворови „B“ и „C“ и може да биде само некоја подоцнежна градба или доградба. Истото се однесува и за с/и и с/з одбранбен ѕид во Дворот „C“ коишто се градени од исти такви камења поврзувани со варов малтер. Како што погоре напомнавме, во Ископот 1/90, слој XII, поставен во близина на кула - порта бр.12, покрај самиот одбранбен ѕид беше регистриран ров широк сса 1.20 м. прокопан до самата здравица, односно карпата. Ровот потекнува од средниот век кога на тоа место одбранбениот ѕид бил од темел обновен (црт. 1 и сл. 5)[37] Како второ, во истата 1990 год., во Дворот „E“, дваесетина метри с/и од т.н. Главна Порта врз рушевините од одбранбениот ѕид беше поставен еден помал ископ, односно Сонда 1/90 (пл.1)[38]. Тука под доцноантичкиот ѕид беа откриени реликти од ра-



Сл. 5. Двор Е, Сонда 1/90, раноантички остатоци, снимено од исток.

Fig.5. Yard E, Probe 1/90, early antique remains, photographed from the east.

ноантичката фортификација градена од големи обработени квадери со различна големина. Еден од блоковите беше со димензии сса 1.50 x 0.60 x 0.50 м. Одбранбениот ѕид бил граден во т.н. техника на opus quadratum, односно isidomum или pseudoisidomum, без врзно средство (сл. 6)[39]. Остатоци од оваа фортификација регистрираме и на делот од Главната Порта. Тука од една постара фотографија гледаме, под ѕидните остатоци од портата којашто била повеќе пати обновувана и доградувана во текот на доцната антика, средновековниот и турскиот период, лево и десно пред влезот од портата регистрираме ѕидни остатоци

којшто би ја споменале, а да е градена со варов малтер.

37 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 248 и 286, С IV, слој XII. Над ровот се протегаше калдрмисана патека, а слојот XI го претставуваше последниот, односно првиот средновековен културен слој којшто според стратиграфскиот контекст и движниот археолошки материјал го датираме некаде во периодот на втората половина од XII век.

38 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 249-250 и 284-285, С VI.

39 За техниката и опусот на градење види: Suic, *Antički grad*, 106-109.; В. Битракова Грозданова, „Прилог за Via Egnatia на делницата Lichnidos – Pons Servilii“, *Лихнид* 6, (1988): 39.; Д. Герасимовска, *Основи на античката архитектура – Македонија и Медитеранот* (Скопје: Каламус, 2011), 33.



Сл. 7. Главна порта, надворешна страна, раноантички остатоци, стара снимка.

Fig. 7. Main gate, exterior, early antique remains, old photography.



Сл. 8. Главна порта, надворешна страна, раноантички остатоци, нова снимка.

Fig. 8. Main gate, exterior, early antique remains, new footage.



Сл. 9. Главна порта, надворешна страна, остатоци од протоисториската фортификација, стара снимка.

Fig. 9. Main gate, exterior, remnants of proto-historic fortification, old image.



Сл. 10. Главна порта, надворешна страна, остатоциод протоисториската фортификација, нова снимка.

Fig. 10. Main gate, exterior, remnants of protohistoric fortification, new footage.



Сл. 11. Двор F, с-з одбранбен ѕид, вметнати блокови од раноантичката фортификација, снимено од надвор.


Fig. 11. Yard F, s-z defensive wall, inserted blocks from early antique fortification, photographed from the outside.

од постарата раноантичка фортификација градена во т.н. opus quadratum, но сега од помали делкани квадери со средна големина од сса 0.50/0.70 х 0.50 м (сл. 7 и 8)[40]. На друга фотографија пак, снимка од надворешниот с/и дел од Главната Порта, под ѕидните остатоци од доцната антика и средниот век регистрираме постари ѕидни остатоци каде лицето од ѕидот е градено од големи кршени необработени камења без врзно средство, а јадрото исполнето со поситни и покрупни кршени камења, (сл.9). Тука, најверојатно се работи за влезната партија од најстарата, предисториска или протоисториска фортификација којашто погоре веќе ја претпоставивме! Од опсервацијата и анализата направени на лице место овие констатации беа потврдени, но сега овие остатоци се покриени со варов малтер, најверојатно место каде подоцна се мешал и припремал варовиот малтер потребен за преземените конзерваторски работи, (сл.10). Големи делкани камени блокови долги и до сса 1.80 м. се регистрирани и во платното на одбранбениот ѕид од Дворот „F“, во непосредна близина на т.н. кула-еркер бр.8 (Пл. 1, сл.11). Остатоци од оваа најстара фортификација регистрира и Т. Полак во истражувањата од 1980 год. на првиот, односно третиот одбранбен појас во Дворот „F“ кај т.н. кула-цистерна бр.1 (сл. 12)[41]. Што се однесува до прашањето кога настанала најстарата предисториска или протоисториска фортификација и до кој период таа била во функција, на основа скудните податоци што ги имавме од теренот, во овој момент тешко е да се прецизира. За тоа, сепак, се потребни многу подетални и пообемни теренски и кабинетски истражувања. Вакви фортификации градени од големи необработени или полуобработени камења како што видовме и споменавме погоре се познати уште од енеолитскиот период и се граделе сè до крајот на железнодопскиот период[42]. Адекватни примери од предисторискиот и протоисториски-

40 Археолошките ископувања се правени на почетокот од истражувањата во периодот 1972/73-1976 год. кога била откривана Главната Порта.


41 Види: Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 285, забелешка 138.; Т. Полак, „Заштитни работи на тврдината Маркови Кули“, во *Тврдината Маркови Кули – извештаи од работите на Мисијата* (Варшава: ПКЗ, 1985), 47, ил. 13-15.

42 Види ја наведената литература од забелешка 16. Обид да ги детерминира, дефинира и класифицира овие фортификации од предисторискиот, односно железнодопскиот период во Долното Повардарје прави: К. Ристов, *Утврдени тајонски населби во Долно Повардарје* (Богданци : Софија, 2004).



Сл. 12. Двор F, кула-цистерна бр.1, остатоци од раноантичката фортификација, стара снимка.

Fig. 12. Yard F, tower-cistern no.1, remnants of early antique fortification, old recording.



Цртеж 2. Кула-цистерна бр.1, остатоци од раноантичката фортификација.

Drawing 2. Tower-cistern no.1, remnants of early antique fortification.

от период наоѓаме на територијата во соседна Албанија на локалитетите Трен, Гајтан, Дорс I, Каливо-Саранда, Акролисос-Леш[43]. Исто така, и околу прашањето за временските рамки на раноантичката фортификација со нејзините евентуални градежни фази во овој момент е тешко да се даде некаков прецизен одговор. Единствено како забелешка, може да стои дека на сите посочени места можат да се регистрираат одредени разлики во опусот на градење на фортификацијата. Досегашните истражувања на најстарите утврдени населби во Република Македонија од раниот антички период заштитени со одбранбени ѕидови градени од помали или поголеми обработени блокови, честопати со киклопски димензии, во сувоѕидна техника без врзно средство, односно во т.н. opus quadratum, односно isidomum или pseudoisidomum, на нашиве македонски простори потекнуваат некаде од крајот на V и IV век п.н.е. Како можна најстара фортификација потврдена во пишаните извори, со монети и друг вид археолошки материјал, би го споменале локалитетот Маркова Кула, с. Корешница кај Демир Капија. Потоа од Струшко-охридскиот Регион утврдените населби од локалитетите Вајтос над селата Октиси и Вевчани, градиштето кај с. Делгожда коешто најверојатно е постаро, Требенишкото Кале, тврдината кај Св. Еразмо, најстарите ѕидни остатоци од Охридското Кале. Од Пелагониискиот Регион би го споменал локалитетот Висока меѓу селата Бонче и Крушевица, Бедем кај с. Чепигово, античка Стибера, Марково Кале - Стрели кај Скочивир, Кале кај с. Локвени. Од Штипскиот Регион локалитетот Кнежје кај Свети Николе, античка Билазора и т.н.[44] .

43 Како пример би го споменале: K. Zheku, „Mbi tipologjine e fortifikimeve Ilire paraurbane ne teritorin e Shoiperise“, *Iliria* VII-VIII (1977-78): 113-118.; За ѕидовите од предурбаната фаза од Акролисос, види: F. Prendi, and K. Zheku, „La ville Illyrienne de Lissus son origine et son systeme de fortifications“, *Iliria* II (1972): 239-248 и многу други поединечни примери.

44 За сите овие локалитети види: Битракова Грозданова, „Прилог за Via Egnatia“, 39-40.; В. Битракова Грозданова, „Lichnidos во раната антика (нови археолошки докази)“, *Историја* XXXIV-XXXV (1998-1999).; Mikulčić, „Pelagonija“, 66-67; Истиот, *Антички градови во Македонија* (Скопје: МАНУ, 1999), 106-109, 151, 179-182 и 237-238.; Лилчиќ , „Три тврдини“, 20-25.; Истиот, *Рана антика – Линкестида и Деврионъ, Корпус на стари градови и тврдини во Република Македонија*, Т. I,

Според сето она погоре искажано, на крајот само да резимираме. Марковите Кули, односно неговиот највисок врв наречен Чардак поради своите геоморфолошки особености бил населен со човечка популација уште во подлабоката предисторија, можеби некаде во периодот на првите „големи индоевропски миграции“ коишто траеле еден долг временски период. Зарамнетиот простор, Двор „В“, опкружен од сите страни со стрмни карпи, најверојатно претставувал средиштето на таа населба. Со мали интервенции на теренот тука предисторискиот човек бил сигурен, безбеден и заштитен од разни опасности. Во текот на бронзенодопскиот период настанува еден хијатус. Населбата, најверојатно била напуштена или преместена во подножјето на ридот. Повторно истиот простор е населен во преодниот или раниот железнодопски период. Повторно немирни времиња исполнети со миграции и преселби, војни и пустошења. Во археолошката научна и стручна литература овие миграциски процеси се познати како „големи егејски преселби“ коишто, исто така, траеле еден подолг временски период. Претпоставуваме дека во тие несигурни времиња населбата била фортифицирана. Сега на тоа место егзистирала населба од т.н. градински тип, заштитена со дебели ѕидови чиешто лице било градено од големи кршени камења, а јадрото исполнето со крш од помали камења[45]. Следи период на стабилизација и секаков општествен, економски, социјален и културен развој. Општествената и социјалната структура постепено се менува. Настанува раслојување на заедницата. При крајот на железното време, односно во архајскиот период се појавуваат и првите поистакнати и богати личности, водачи на племенската или племенските заедници. Во археолошката наука позната е појавата на т.н. кнежевски гробови[46]. Најверојатно, некаде во наредниот V-IV век п.н.е., утврдената населба доживува и своја трансформација[47]. Чардакот, којшто беше и го претставуваше нуклеусот и јадрото на постарата утврдена предисториска и протоистриска населба, сега ќе биде претворен во акропол, а останатиот дел од Марковите Кули, односно пониските падини од ридот ќе бидат оградени со нови и јаки одбранбени ѕидиви градени во opus quadratum. Дали тоа се случило пред средината на IV век п.н.е. кога со овие простори сè уште управувале локалните независни и полузависни пелагониски владетели - басилевси или по ставањето на овие територии под директна управа на македонските кралеви, коешто најверојато се случило за време владеењето на Филип II, сега за сега ќе остане како отворено прашање[48]. Според

(Скопје: Македонска Цивилизација, 2009), 94-101 и 162-170.; В. Лилчиќ и А. Јакимовски, *Висока и Старо Бонче : центар на кралството Пелагонија и кралската гробница на Павла Чука* (Скопје : Управа за заштита на културното наследство, 2016).; Блажевска, „Раната антика“, 642-658; За оваа проблематика види и Герасимовска, *Основи*, 33 и 56-62.

45 Користејќи го овој термин овдека не мислиме на некое етничко обележје, туку едноставно како тип на населба формирана во еден поширок општествено-историски контекст, процеси коишто се познати на поширокиот балкански простори.

46 Mikulčić, *Pelagonija*, 39.; Митревски, *Праисториски заедници*, стр., Истиот, 2013, 233-234; Кузман, „Архајски период“,431-482.

47 За овие појави во Пелагонија види: Mikulčić, *Pelagonija,* 64-68.

48 На ова место не би навлегувале во тие сложени политичко-историски прашања, но ќе ги споменеме двата познати епиграфски натписи од Атина коишто потекнуваат од 365/4 и 363/2 год. п.н.е. каде се споменуваат еден, односно двајца! пелагониски базилеји коишто, најверојатно одржувале одредена независност во однос на централната македонска власт во Пела. Види: Ф. Папазоглу, „Хераклеја и Пелагонија“, *Жива Антика*, т.2, (1954): 323-324.; Истата, *Македонски градови у римско доба* [посебни изданија Жива Антика, кн. 1] (Скопје : Филозофски факултет, 1957).; Периодот што следи е спорен. По војните на Филип II во 359 и 356 год. п.н.е., кога на двапати ги поразил здружените сили на Илирите, Тракијците, Пајонците и Атина, за тоа види: F. Papazoglu, Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba, (Sarajevo : Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, 1969), 16-23 i 105-106, некои од научните работници претпоставуваат дека иако поразени, Пелагонците и Пелагонија влегуваат во рамките на пајонското кралство. Но, логиката и археолошкиот материјал го говорат спротивното. Имено,

движниот и недвижниот археолошки материјал крајот на оваа раноантичка утврдена населба, најверојатно се случил некаде по падот на Македонија под римска власт во 168/7, односно 148 год.п.н.е., но кога точно - во овој момент тешко е да се даде прецизен одговор. Секако, за тоа е потребна многу подетална анализа не само на целокупниот археолошки материјал којшто е ископан во изминатиот период туку потребни се и нови додатни ископувања и истражувања[49]. Во секој случај, убав пример на еден сложен и комплексен археолошки локалитет кој бил населен уште од најдлабоката праисторија каде можат да се следат сите развојни фази на една утврдена населба, односно нејзината предурбана, протоурбана и урбана фаза и понатаму[50]. Оваа утврдена населба позната е од табулите, итинерарите и пишаните историски извори како Ceramiae[51]. Најверојатно, се работи за еден од моќните пелагониски центри, град oppidum т.е. πολισματα, населен од древните Пелагонци, етничка популација позната уште од длабоката предисторија по којашто го добил името и поширокиот регион[52].

Тука се отвора и прашањето околу убикацијата на civitas Pelagonia, главниот град на четвртата македонска мерида[53].

Дали утврдениот град ќе продолжи да егзистира и во раноримскиот период, како што погоре споменавме, немаме сигурен и задоволителен одговор[54]. Во 268 год., Готите заедно со Херулите покрај другите градови и региони во Македонија ја пустошат и Пелагонија[55]. Дали тој настан ги натерало римските власти повторно да ја обноват утврдената населба на ридот или таа веќе постоела како што навестуваат некои од движните наоди или можеби тоа се случило нешто подоцна, во текот на IV – V век, повторно не можеме со сигурност да прецизираме[56]. Фор-

наспроти ретките монетарни наоди коишто припаѓаат на пајонските кралеви, македонските кованици се и предоминантни, за тоа види: Mikulčić, *Pelagonija*, 64-65.; В. Лилчиќ, „Северната граница на античкото кралство Македонија во светлината на нумизматичките истражувања“, *Македонско наследство* 14 (1997): 7-23; Според тоа, многу пологично би било по наведените настани Пелагонија да се третира како територија која влегува во рамките на македонското кралство. За овој проблем и Н. Проева, *Студии за античките Македонци* (Скопје: Мацедониа Прима, 1997), 45-46;

49 Одредени индикации упатуваат на можноста дека утврдената населба продолжила да живее и во наредниот раноримски период, како што е примерот со споменатото сиво печено керамичкото сатче што има директни аналогии во Подунавјето, но и други керамички фрагменти пронајдени во културните слоеви од преодниот период.

50 За тоа види: Suić, *Antički* grad, 47-81.

51 Папазоглу, *Македонски градови*, 218 и 223.; Микулчиќ, *Антички градови*, 86-89.


52 За тоа види: Ф. Папазоглу, „Хераклеа“, 308-345; Истата, *Македонски градови*, 199-209; Mikulčić, *Pelagonija*, 6 и 66-67.; Петрова, *Пајонските племиња*, 11-28.; С. Зоговиќ, „Пелагон – херој епоним на Пелагонија“, *Жива Антика* 9 (1991).

53 Како што пишува Ф. Папазоглу „новата самоуправна единица од муниципален карактер“, Папазоглу, *Македонски градови*, 203. За поимот civitas и municipiis види: Suić, *Antički grad*, 28-34 і 49-51. За проблемот на убикација на градот Пелагонија види: Микулчиќ, *Антички градови*, 80-89.; В. Лилчиќ и Д. Кебакоски, 2005, 22-28; Лилчиќ и Јакимовски, *Висока* и т.н.

54 Одредени спорадични наоди укажуваат дека и во овој период фортификацијата била во некаква функција, пред сè, Чардакот, односно акрополот на градот, за тоа види: Цнотливи, *Истражувачки работи*, 50. Во ископувањата од 1990 год. во Дворот „С“, кв.15, под средновековниот културен слој VI беа ископани уште десетина сантиметри од слој со антички материјал, керамика од римскиот периоди и една бронзена монета (нерасчитана, можен II - III век!). Културните слоеви од доцноантичкиот период недостасуваа. Најверојатно, се работи за нивелации преземени во средновековниот период кога земјата од горните партии на Дворот била насипана во долниот дел или употребена за нивелирање на некој објект. За тоа види во оригиналната верзија на магистерскиот труд: Атанасоски, *Средновековната*, 48-49, Т.XXV, тука е презентиран само керамичкиот материјал.


55 Папазоглу, „Хераклеја“, 339.; Истата, *Македонски градови*, 208.; Микулчиќ, *Антички градови*, 59 и 195.

56 За прецизирање на овој проблем повторно ќе нагласиме дека се потребни додатни анализи на целокупниот движен археолошки материјал ископан досега. Б. Ристески не дава дополнителни и аргументирани факти за прецизирање на ова прашање, види: Ристески, „Сектор Средкули“.; Истиот, „Развој на фортификацијата“; Истиот, „Маркови Кули“; За бурните настани и варварски пустошења по Македонија во доцноантичкиот период види: Микулчиќ, *Антички градови*, 189-206 и 239-240.



Сл. 13. Кула бр. 11 и с-з одбранбен ѕид од Двор С, снимено од надвор.

Fig. 13. Tower no.11 and s-z defensive wall from Yard C, photographed from the outside.



Сл. 14. Двор D, северен одбранбен ѕид, снимено од надвор.

Fig. 14. Yard D, north defensive wall, photographed from outside.

тификацијата сега од темел била обновена со нови одбранбени ѕидови во т.н. opus incertum, односно irregulare[57]. Ѕидовите се градени од средно кршени приделкани камења поврзувани со варов малтер, редени во правилни редови, а на секој сса 0.50 м. биле зарамнувани со плочести камења[58]. Како што напомнавме, остатоци од овој период бележи Т. Полак на повеќе места од одбранбените ѕидови. Овдека ќе ги посочиме истите тие места со одредени мали дополнувања и измени. На с/з одбранбен ѕид од Чардакот, односно во Дворовите „B“ и „C“ кај кула бр.11 и во Двор „D“, јасно може да се прати разрушеното круниште од постарите антички ѕидови коишто во средновековниот период биле обновени (пл. 1 и сл. 13 и 14)[59]. Некаде од римскиот период,

57 Прв кој укажува на доцноантичките, односно рановизантиските ѕидни остатоци е Полак, „Средновековни градежни техники“, 28-29. Овие согледувања ги прифаќа Микулчиќ, *Средновековни градови*, 250.; Истиот, *Антички градови*, 340.; Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 283-285.; Ристески, „Развиток на фортификацијата“, 61-62., Истиот, *Маркови Кули*, 13-14.; но истото не го прифаќа и Бабиќ (коавтор)., „Варош – Маркови кули“, 286. За опусот на градење види: Suić, *Antički grad*, 109.; Полак, „Средновековни градежни техники“, стр.29, Микулчиќ, *Антички градови*, 241-242.


58 Полак, „Средновековни градежни техники“, стр.28-29 и 49, ил.81.

59 Овдека на одбранбениот ѕид гледаме остатоци од



Сл. 15. Двор B, с-з одбранбен ѕид со испакната кула, снимено од надвор.

Fig. 15. Yard C, s-z defensive wall with protruding tower, photographed from the outside.



Сл. 16. Двор E, Сонда 1/90, остатоци од римската и рановизантиската фортификација, снимено од исток.

Fig. 16. Yard E, probe 1/90, remnants of Roman and Early Byzantine fortifications, photographed from the east.



Сл. 16а.Двор E, Сонда 1/90, остатоци од римската и рановизантиската фортификација, снимено од запад.

Fig. 16a. Yard E, probe 1/90, remnants of Roman and Early Byzantine fortifications, photographed from the west.

најверојатно потекнува и малата четвртаста испакната кула, лоцирана одма до кула-порта бр.10, (сл. 15). Понатаму вакви остатоци откриваме кај споменатата Сонда 1/90, во близина на Главната Порта. Тука од анализата направена на sидните остатоци можат да се дефинираат уште две градежни фази од античкиот, односно римскиот и рановизантискиот период. Врз остататоците од раноантичката фортификација, градена во opus quadratum лежат sидни остатоци градени во техника на emplekton, широк сса 1.30 м (сл. 16). Разликата со надградбата од средновековниот период што, исто така, е градена во техника на *emplekton* е во тоа што доцноатичкиот sид е sидан со свежа, жешка гасена вар и има голема цврстина, а средновековната надоградба е sидана со обичен варов малтер кој е доста ронлив. Разлика има и во бојата на малтерите. Доцноантичкиот е бел, а средновековниот е жолтеникав. Но, овде гледаме уште еден нов момент. Sидот опишан претходно, лежи или поточно се потпира на еден друг постар sид, исто така широк 1.30 м., што значи вкупната широчина на двата sида изнесува сса 2.60 м[60]. Постариот sид е граден исто како и претходно споменатото sидиште од Чардакот, во *opus incertum* (сл. 16а). Претпоставуваме дека некаде во периодот на V-VI век, во текот на немирните доцноантички времиња постариот одбранбен sид на ова место бил срушен, а потоа обновен и зајакната, сега во нова градежна техника т.н. *emplekton*[61]. Од доцноантичкиот период, најверојатно потекнуваат и најстарите остатоци од Главната Порта[62]. Остатоци од античката фортификација следиме и во Дворот „F“ на т.н. кула-еркер бр. 8. Тука убаво се гледа како долните партии од кулата стојат како фундамент за средновековното sидиште. Тие се нешто пошироки и излегуваат од линијата на средновековниот sид којшто бил надграден и адаптиран над овие постари остатоци, (сл. 17). Вака остатоци од римскиот, односно рановизантискиот период гледаме и на sидот што ги дели Дворовите „E“ и „F“, односно на местата коишто ги посочил Т. Полак меѓу кулите бр. 6 и 5, (сл.18)[63]. Овој период, сега повторно ќе го завршиме со наодите од трите споменати некрополи и гробовите вкопани во карпестото тло од подножјето и падините на Марковите Кули коишто стојат како потврда за времето од крајот на антиката[64]. Во овој контекст би го споменал и бронзениот полуфолис од втората половина на VI век, пронајден во ерозивниот нанос од Ископот 2/89, Двор „F“ кој, исто така, зборува дека фортификацијата била во функција скоро до самиот крај на античкиот период[65].

Фортификацијата, некаде кон крајот од антиката или на почетокот од средновековието била напуштена. Досегашните археолошки ископувања и истражувања немаат дадено некои позабележителни резултати за периодот од раниот среден век. Новите доселеници, најверојатно не ја користеле[66]. Во периодот што следи, таа посте-

различни фази на античката фортификација. Sидовите најверојатно повеќе пати биле санирани, обновувани и надградувани, особено во бурниот доцноантички период. На фотографиите овие различни интервенции се обележани со потенки и испрекинати линии.

60 При археолошките ископувања во движниот материјал пронајден меѓу двата sида беа регистрирани само керамички фрагменти од доцноантичкиот период што укажува на фактот дека и двата sида потекнуваат од исто веме, односно едниот е постар, а другиот помлад;

61 За оваа проблематика види: Микулчиќ, *Антички градови*, 291-292.


62 Ваков тип на порти среќаваме уште од предисториските и раноантичките фортификации каде обично десната страна од тактички причини е поиздадена, види: Suić, *Antički grad*, 68, sl.27;

63 Полак, „Средновековни градежни техники“, стр.28.

64 Атанасоски, „Три некрополи“, 71-82.

65 За тоа види во оригиналната верзија на магистерскиот труд: Атанасоски, „Средновековната“, 24.

66 За историските настани од крајот на VI и VII век види: М. Панов, „Средновековен период во Македонија“, во *Македонија - милениумски културно-историски факти* Т.3, редактори Паско Кузман, Елизабета Димитрова и Јован Донев (Скопје: Медиа Принт Македонија : Универзитет Евро-Балкан, 2013), 1111-1131.; За овие настани од археолошки




Сл. 17. Двор F, кула-еркер бр.8, надворешна страна, снимено од исток.

Fig. 17. Yard F, tower-ERKER no.8, outer side, photographed from the east.



Сл. 18. Двор E, западен одбранбен ѕид меѓу кулите бр.5 и 6, снимено од надвор.

Fig. 18. Yard E, western defensive wall between towers no.5 and 6, photographed from the outside;



Сл. 19. Yard D, s-w west defensive wall, photographed from the outside.

Fig. 19. Yard D, s-w west defensive wall, photographed from the outside.

пено била рушена и разградувана[67]. Таа повторно се споменува во пишаните историски извори како φρουριον во врска со немилите настани за време на цар Самоил, во деновите по битката на Беласица, 1014 год[68]. Ова претставува непобитен факт дека фортификацијата во тоа време била во одредена функција[69]. Археолошките ископувања по прашањето каде бил лоциран фрурионот не дадоа некој позабележителен одговор, напротив, тие уште повеќе нè ставија во дилема. На Чардакот, што претставува најпогоден и најлогичен избор за градење на едно вакво воено упориште, не беа регистрирани ниту културни слоеви ниту беше пронајден некаков попрепознатлив движен археолошки материјал од тоа време. Само неколку сомнителни фрагменти[70]. Ситуацијата не беше ништо подобра ниту на останатиот истражен простор. Сиромашен движен археолошки материјал беше регистриран во Ископот 1/90 во Дворот „E“ и во Ископите 1/89 и 3/89 во Дворот „F“.[71] Во тој момент го прифатив мислењето на проф. И.Микулчиќ, но и на останатите постари истражувачи дека фрурионот споменат во пишаните извори, најверојатно бил лоциран на Чардакот, односно на местото каде што бил сместен акрополот на утврдената доцноантичка населба и дека sидовите биле, најверојатно обновени во т.н. сувосидна техника[72]. Поради непристапноста на теренот каде што беше потребно да се направат некои потребни анализи на sидовите и слабата техника којашто ни беше на располагање во тој момент, направен е еден мал превид. На снимката од одбранбениот sид кај кулата бр. 11 сега регистрираме нешто поинаква состојба (сл.13)[73]. Тука, во првата средновековна градежна интервенција за која претпоставивме дека се случила некаде во Самоиловото време, доцноантички sидови биле санирани и ниско надградени со поситни кршени камења поврзани со посен, жолтеникав варов малтер[74]. Оваа ситуација на sидовите може да се следи сè до завршетокот на Дворот „D“ каде претпоставивме дека се наоѓала надворешна дрвена преграда со влезна порта, (сл. 14 и 19)[75]. Понатаму

аспект види: Б. Бабиќ, „Денешните територии на Република Македонија и Република Албанија во VII и VIII век“, во *Цивилизации на почвата на Македонија* кн.2, „Скопје: МАНУ, 1995), 153-182.; Микулчиќ, *Средновековни градови*, 19-36.; Б. Ристески, „Раносредновековна садова керамика од Република Македонија“, *Историја на културата на Македонија* кн. 19 (Скопје: МАНУ, 2008), 1035-1064.; Е. Манева, „Раносредновековна материјална култура во Македонија“, во *Македонија - миленијумски културно-историски факти* Т.3, редактори Паско Кузман, Елизабета Димитрова и Јован Донев (Скопје: Медиа Принт Македонија : Универзитет Евро-Балкан, 2013), стр. 1263-1275 и понатаму.

67 За археолошките траги на падините од Марковите Кули од раното средновековие види: Бабиќ, *Материјалната култура*, 199-233; Ристески, *Маркови Кули,* 14-16.

68 За ова и за сè понатаму види: Атанасоски, *Средновековната тврдина*, 227-309.

69 Овдека не е намерата да го повторуваме веќе кажаното во магистерскиот труд, туку на некој начин да ги надополниме и потврдиме досегашните сознанија, а одредени битни места на некој начин да ги корегираме и дообјасниме.

70 Но, за овој период недвосмислено сведочат одредени наоди од некрополата Маркови Кули. За тоа види: Бабиќ, *Материјалната култура*, 185-189, 266 и 278-282, сл.61/24 и сл.62/1-3.; Манева, *Средновековниот накит*, 187-192.

71 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 237-250 и 255-257; Во најновите археолошки ископувања Б. Ристески на просторот од Двор „F“ бележи културен слој од периодот на IX-XI век, но тоа не е поткрепено со ништо, види Ристески, „Сектор средкули“, 260.

72 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 285-286.

73 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 286, Ф.1. Денеска поседуваме посовремена техника и компјутерска опрема којашто ни овозможува да се направи подобра анализа на снимките.

74 Оваа прва средновековна градежна интервенција нема да ја третираме како градежна фаза, туку само како интервенција од една проста причина, да не се наруши континуитетот со магистерскиот труд каде таа не е дефинирана како градежна фаза, туку зборуваме „за остатоци од најстарата средновековна тврдина“, види Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 285.

75 За дрвените конструкции т.н. јазли од првата градежна фаза на средновековната фортификација, во конкретниов случај јазол II, види: Полак, „Средновековните градежни техники“, 81-82. Во втората или третата средновековна градежна фаза, дворот е прегаден со sид од кршен камен и варов малтер.



Сл. 20. Двор F, Ископ 1/89, с-з одбранбен ѕид кај кула-еркер бр,8, снимено од внатре.

Fig. 20. Yard F, Excavation 1/89, s-z defensive wall at tower-ERKER no. 8, photographed from the inside.

нема да навлегуваме во прашањето поврзано со најстарата средновековна фортификација.

Следната градежна фаза која се случила на одбранбените ѕидови, според авторот на овој текст, е датирана некаде во периодот на втората половина од XII век[76]. Тука, врз основа на стратиграфскиот контекст и обемниот движен археолошки материјал пронајден во културните слоеви, се обидовме многу поаргументирано да ја детерминираме и датираме оваа градежна фаза. Овдека повторно ќе го споменам прокопаниот ров регистриран во Двор „C“, Ископ 1/90, слој XII, кога одбранбениот ѕид на тоа место од темел бил обновен, а во слој X беше пронајдена монета на никејскиот владател Јован III Ватац (1222-



Сл. 21 и 21а Бронзена монета на византискиот цар Мануил I Комнен (1143-1180) или Андроник I Комнен (1183-1185).

Fig. 21 and 21a. Bronze coin of the Byzantine emperor Manuel I Comnenus (1143-1180) or Andronicus I Comnenus (1183-1185).

1254). Тоа јасно говори дека фортификацијата на Чардакот веќе постоела пред првата половина на XIII век, како што е забележано во пишаните историски извори, време на војни и пустошења што следеле по распадот на Византија во 1204 год[77]. Движен археолошки материјал, некаде од периодот на втората половина на XII век и првата половина на XIII век е регистриран и на просторот од Двор „E“ и „F“[78]. Тука во Дворот „F“, во слоевите V и VI, покрај бројните керамички фрагменти, беа пронајдени две бронзени монети. Монетата од петтиот културен слој припаѓаше на византискиот император Михајло VIII Палеолог (1259-1282), а втората од шестиот културен слој којашто беше доста оштетена не беше прецизно датирана[79]. Петтиот слој беше издвоен и како репер на втората градежна фаза кога одбранбените ѕидови на тоа место биле обновени по 1261 год. Тука, при обновата покрај одбранбениот ѕид бил прокопан ров, а ѕидовите во долниот дел биле проширени со т.н. обход или ходник, а во горниот

76 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 286-288, дефинирана како прва градежна фаза.

77 Истото, стр.247-248 и 288-292.

78 Истото, стр 239-242, 248-250 и 257-268.

79 Истото, стр.241 и 289-290, T.XII.e6.



Сл. 22. Двор F, одбранбениот sид од кула-еркер бр.8, снимено од југ.

Fig. 22. Yard F, tower-ERKER tower no.8, photographed from the south.

дел надградени, (сл. 20)[80]. На ова место ќе дадеме уште некои додатни аргументи и факти за да го допрецизираме прашањето околу датирањето на првата градежна фаза на тој простор. Монетата од слој VI која, како што погоре напомнавме, не беше расчитана, сега овој проблем се чини до некаде е разрешен. Монетата е приближно идентификувана со византискиот владетел Андроник I Комнен (1183-1185) или можеби тоа е Мануил I Комнен (1143-1180), (сл. 21 и 21а)[81]. Ова ни дава за право керамичкиот материјал, пронајден во VI културен слој, сега со поголема сигурност да го датираме во втората половина на XII и првата половина на XIII век[82]. Но, исто така, со овој факт со поголема сигурност ја потврдуваме и датацијата на првата градежна фаза на одбранбениот sид во Дворот „F“[83]. Тука одбранбениот sид од надворешната страна е доста оштетен, но првата градежна фаза многу јасно е дефинирана на кулата - еркер бр.8 каде одбранбениот sид има дебелина само од сса 0.60 м, (сл. 22)[84]. Иста е ситуацијата и со одбранбениот sид во с/и агол од Дворот „E“ и тука sидот од првата фаза има широчина од сса 0.60 м, (сл. 23).

Според тоа да заклучиме. Фортификацијата во втората половина на XII век е целосно обновена по целата должина од sидиштето, односно биле обновени сите три одбранбени појаси коишто биле изградени уште во доцноантичкиот период. За тоа недвосмислено ни говори како движниот така и недвижниот археолошки материјал, регистриран на сите три истражувани пуктови: микролокацијата Чардак со Дворовите „A“, „B“, „C“ и „D“, односно акрополот на утврде-

80 Овдека повторно ќе укажам на еден мал технички пропуст. Имено, се работи за илустративниот прилог ф.6 каде се обележени I и II градежна фаза, би требало да стои II и III градежна фаза, бидејќи во првата градежна фаза не постоел т.н. опход или ходник, види: Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 289, ф.6.

81 Истото, стр.241, T.XII.e6; *Dumbarton oaks cathalogu* (DOC), pp.132, T.18, 11 EL I 12 EL.

82 Атанасоски, „Средновековната тврдина“, 257 и понатаму.

83 Истото, стр.286-288.

84 Истото, стр.287, Ф.3. На приложената фотографија во овој текст, ф.17, на кулата-еркер бр.8 можат да се проследат дури четири средновековни градежни фази.



Сл. 23. Двор E, с-з одбранбен ѕид, снимено од ј-з.

Fig. 23. Yard E, s-z defensive wall, photographed by j-z.

ниот град, микролокацијата Сред Кули, односно Дворот „E“ којшто е опфатен со вториот одбранбен појас и микролокацијата Рамниште, односно Дворот „F“ којшто е опфатен со третиот, односно првиот одбранбен појас, пл.1. Сеѓа VI културен слој од Дворот „F“, Ископ 3/89 е потврден со монета од втората половина на XII век. Тука, според анализата на одбранбениот ѕид од кулата-еркер бр. 8 се регистрирани четири средновекови градежни фази, исто колку и на одбранбениот ѕид кај кула бр. 11 на Чардакот, без првата градежна интервенција од Самоилово време, (сл. 13 и 17). Во тој контекст, би го споменале и Дворот „E“ со вториот одбранбен појас на ѕидови каде се регистрирани најмногу, односно сите пет градежни фази, (сл. 24)[85]. Со тоа отпаѓаат и сите шпекулации на досегашните истражувачи на овој проблем околу некаков етапен развој на фортификацијата, а уште повеќе, првата градежна фаза да се датира некаде во периодот на првата половина од XIII век, и тоа само на просторот од Чардакот[86].


На крајот, само би повториле. Најстарите средновековни остатоци коишто датираат некаде од крајот на X и почетокот на XI век ги гледаме на с/з од Чардакот. Првата градежна фаза потврдена во самата културна стратиграфија со монети, регистрирана на сите три одбранбени појаси потекнува некаде од втората половина на XII век. Втората градежна фаза, исто така потврдена во културната стратиграфија со монета ја датираме некаде по обновата на Византија во 1261 год., за време на владеењето на Михајло VIII Палеолог. Третата градежна фаза којашто е забележана и во пишаните историски извори, потекнува од 1330/31 год., за време на владеењето на Андроник III Палеолог. Од тоа време потекнуваат и поголемиот број на одбранбени кули на ѕидините (сл. 25). Четвртата градежна фаза датира некаде по 1334 год., во периодот на српското владеење со утврдениот град. И петтата градежна фаза, најверојатно потекнува од времето на Волкашин или Марко.

85 Од една постара фотографија, снимена кај кула-порта бр.2 можат да се проследат сите пет градежни фази, види: Полак, „Заштитни работи“, 48, ил.20, Истиот, „Средновековни градежни техники“, 63-66, ил. 114.

86 Полак, „Средновековни градежни техники“, 29-32.; Микулчиќ, *Средновековни градови*, 250-252.; Бабиќ, (коавтор), „Варош – Маркови Кули“, 284.; Ристески, „Развиток на фортификацијата“, 63-66.; Истиот, „Маркови Кули“, 18, 29 и 34-37.;



Сл. 24. Двор Е, јужен одбранбен ѕид кај кула-порта бр.2, стара снимка.
Fig. 24. Yard E, south defensive wall at tower-gate no.2, old photography.



Сл. 25. Двор Е, ј-з одбранбен ѕид кај кула бр.5, снимено од надвор.
Fig. 25. Yard E, j-z defensive wall at tower no.5, photographed from the outside.

SUMMARY

ONCE AGAIN FOR THE CONSTRUCTION PHASES OF THE FORTIFICATION OF MARKOVI KULI, VAROŠ-PRILEP

Branislav ATANASOSKI

As can be seen from the very title of the paper, we return to this problem for the second time. The first time as a master's thesis was dedicated to the medieval cultural stratigraphy and the construction phases of the fortification Markovi Kuli, and on this occasion we try to solve certain problems imposed by older cultural stratigraphy and material found during archaeological excavations made in the distant 1990 on the area around the highest peak, the so-called Chardak, Yard C, as well as the older fortification remains registered in several places from the defensive walls, Plan1. Namely, the oldest archeological material found in the form of ceramic fragments decorated with the so-called prickly ornamentation can be dated to the Eneolithic period. This is followed by ceramic material from transition period the Bronze Age to the Iron Age, known in archaeological literature as turban dish. Next are the ceramic fragments of the so-called matt painted pottery dating back to the Iron Age. From the period of the Late Iron Age, the archaic period and the early antiquity we register more ceramic and metal finds, T.I. and Fig.1-3. The end of the early antiquity, III-I century B.C., is represented in the three necropolises as well as in the group and single grave forms carved on the stone base from the slopes of the hill Markovi Kuli. On the basis of this archeological material, the question now arises as to when the oldest fortification remains from the presumed fortified settlement originated. This question was answered after a logical reasoning. The Eneolithic and Transitional period pottery, Late Bronze-Early Iron age, is represented only by the hollows and incisions between the large rocks, while the Iron Age and Early Antiquity material is still present on the steep cliffs along the defensive walls, indicating the fact that if there were no obstacles or walls here, the mentioned material would have spilled over the cliffs long ago. Let's conclude! The oldest fortification remains can be found from the Iron Age. Such remains are registered in the outer space, from the Main Gate, under the ancient and medieval fortification remains, Fig.9 and 10. It is probably the remains of the entrance party of the oldest fortification, whose walls were built of larger crushed stones, and the core filled with earth charge mixed with gravel of smaller stones. Most likely, this fortified settlement was located in the area around the highest peak Chardak, Yards A, B, C and D, Pl.1. In the period of early antiquity, around the V-IV century AD, the fortified settlement received new defensive walls. The acropolis was probably first fortified with walls built in the

opus qudratum, isidomum or pseudoisidomum technique. Such remains are registered fifteen meters east of the Main Gate, Yard F, under the fortification remains of the late antique and medieval period, Fig.6. Then in front of and below the Main Gate itself, Fig.7 and 8. As well as on and under the defensive walls from the outer, third defensive belt of the walls, Yard E, south east from tower-Erker no.8 and under tower-tank no.1, Figs.11 and 12 and Plan1. When this early antique fortification was abandoned and demolished, at this point, we can not confirm with certainty. Some weak indications are that fortification also existed in the early Roman period. Whether it experienced its final decline and destruction during the first Gothic-Herulian expeditions to Macedonia in 268/9 when the great city of municipium Pelagonia and the ancient Stibera were destroyed, the question remains open. The following fortification remains probably originate from the late antique period. Movable archaeological material is registered in the entire fortress area. We register two construction phases from this period. The first, probably from the Late Roman period, was built in an opus incertum with medium-sized crushed stones and sloping layers placed every 0.50 m. made of smaller slabs. This is best seen on tower no.11 and on the north western defensive wall from the Court C and D, Fig.13 and 14. Somewhere in the early Byzantine period the fortification probably suffered in one of the many barbarian penetrations from the north, but it was repaired with walls built in opus emplecton. It is best seen again fifteen meters from the Main Gate, Fig.16 and 16a. During the early Middle Ages, the fortification was abandoned, and the defensive walls were gradually demolished by the elements and new settlers. Furthermore, the medieval cultural stratigraphy and the construction phases of the defensive walls are known in detail from the master‘s thesis, now somewhat corrected in relation to the oldest medieval construction phase dating from the late X or early XI century, as well as some corrections to the first construction phase somewhere from the period of the second half of the XII century Fig.13, 14 and 19. Due to the lack of concrete arguments, the logic says that in the time of Tsar Samoil the fortification was repaired with smaller crushed stones and lean, yellowish lime mortar and reinforced with wooden towers and partitions registered by Dr. T. Polak in his doctoral dissertation. As for the issue of stage development of the fortification, which older researchers advocate, we believe that it does not exist. Sometime in the second half of the XIIth century, the entire fortification system was rebuilt, i.e. the old late antique defensive walls were completely repaired and rebuilt. We have a confirmation of that both in the cultural stratigraphy and on the defensive walls. The ceramic material that was dated sometime in the second half of the XIIth century was found at all four excavated points, respectively in Yards A, C, E and F, now it is confirmed with the coin found in the VI cultural layer in Yard F which was not read in the time when I was doing my master‘s thesis, and it belongs to the Byzantine emperor Manuel I Comnenus (1143-1180) or maybe to Andronicus I Comnenus (1183-1185). On the other hand, on the three fortification defense belts, on the Balcony, in Yard E and Yard F, all four, i.e. five medieval construction phases are registered, which in a way shortens the possibility to speculate and claim that the fortification had some stage development especially without proper arguments and facts, Photo.13, 18, 24, 25 and 17.

Key words: *prehistoric, protohistoric fortification, early antique fortification, fortification from the Roman period, late antique fortification, medieval fortification, Markovi Kuli, Prilep, Varos*